РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
Бр. 03 – 1038/1
27.05. 2022 година
Скопје „Даме Груев” - 4 тел. 3295-600
Поштенски фах 506, Телефакс 3111-336

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 година и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19) и член 48 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија” бр.54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.31/20), директорот на Државниот завод за статистика донесе

# Решение

**за утврдување на цените на печатените публикации и цените на други статистички продукти кои се подготвуваат на барање од корисниците кои не се дел од редовната продукција на статистички податоци**

1. Со ова решение се утврдуваат цените на печатените публикации што како редовни годишни мултидоменски продукти ги произведува Државниот завод за статистика, а кои содржат податоци од сите истражувања што ги спроведува Заводот и цените на други статистички продукти кои се подготвуваат на барање на корисниците кои не се дел од редовната продукција на статистички податоци, согласно Методологијата за утврдување на цените на публикациите и другите статистички продукти на ДЗС која е составен дел на ова решение.

2. **Дел I Публикации**

| Реден број | Наслов на публикацијата | Тираж | Просечен број на страници | Цена во денари | Цена во евра |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Статистички годишник на РСМ | 80 | 600 | 2.700 | 45 |
| 2 | Северна Македонија во бројки | 100 | 60 | 300 | 5 |
| 3 | Жените и мажите во Северна Македонија | 60 | 60 | 300 | 5 |
| 4 | Регионите во Северна Македонија | 60 | 130 | 600 | 10 |
| 5 | Макстат избор | 60 | 70 | 300 | 5 |
| 6 | Животна средина | 60 | 180 | 600 | 10 |

2.1. За публикациите постари од 2 години, се утврдува попуст од 20%.

2.2. Електронските публикации достапни на веб-страницата на Државниот завод за статистика се бесплатни за симнување и користење.

### 3. Дел II Специфични барања за податоци со дополнителна обработка

3.1. Под специфични барања за податоци се подразбира дополнителна, посебна обработка на податоци од статистичките истражувања, а кои не се предмет на редовната продукција на статистички податоци на ДЗС, како и на услугите кои се однесуваат на спроведување на статистички истражувања кои не се опфатени со програмата за работа на ДЗС, а по барање на други институции и корисници.

3.2. Ова се однесува, пред сè, на податоци од пописите на населението, домаќинствата и становите, пописите на земјоделството, изработка на примероци за статистички истражувања, изработка на податоци на специфично територијално ниво, изработка на специфични податоци од редовните истражувања што ги спроведува ДЗС, изработка на посебни сетови на микроподатоци за научно-истражувачки цели, како и спроведување на целосно нови статистички истражувања кои не се дел од Петгодишната програма за статистички истражувања, и слично.

#### 4. Цена на специфични барањата

4.1. Цената за сите специфични барања за податоци за кои е потребна дополнителна обработка за изработка на податоците, се утврдува врз основа на потребниот број на часови за изработка на податоците, помножен со мултипликаторот кој изнесува 5.64.

4.2. Цената на еден час од став 1 на овој член се утврдува во износ од 154 денари. Овој износ е пресметан врз основа на просечната исплатена нето-плата по вработен во ДЗС во 2021 година.

4.3. Вредноста на просечниот работен час во ДЗС ќе се ажурира годишно, во текот на март во тековната година.

4.4. Цените на публикациите, како и подготовката на податоци за специфични барања за странски баратели се утврдуваат во евра, според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на фактурирањето.

5.1. Податоци од областа на стоковната размена со странство

| | |
|---|---|
| Основна паушална цена за податоците | 400.00 денари |
| Цена по ќелија во табелата (за првите 200 ќелии) | 6.50 денари |
| Цена по ќелија во табелата (за останатите ќелии) | 1.50 денари |

5.2. По исклучок од точка 5.1. од ова решение, кога се работи за барање на мал број на податоци за кои е потребно подолго време за нивна изработка, цената се утврдува врз основа на потребниот број на часови за изработка на податоците помножен со мултипликаторот кој изнесува 5.64.

6. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

7. Со влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението за ценовникот на публикационите материјали што ги подготвува Државниот завод за статистика на Република Македонија и за трошоците за дополнителна обработка на податоци бр.25-947/7 од 24.10.2006 година.

8. Решението ќе се објави на веб страницата на Државниот завод за статистика.

**Доставено до:**

- Архивата на Државниот завод за статистика
- Одделението за финансиски прашања
- Одделението за правни работи и официјална статистика

в.д.Директор

Апостол Симовски